Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 4, 10 декември 2007 година

декември 2007
Штип

СОДРЖИНА

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за учебникот "Енергетски ресурси" поднесен од авторите проф. д-р Панде Лазаров и проф д-р Тодор Серафимовски од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 3

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Земјоделско машинство на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 8

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Растителна биотехнологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 12

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 16

РЕФЕРАТ за избор на соработник за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 18

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 20

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 25

РЕФЕРАТ за избор на соработници за областа информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 29

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 33

РЕФЕРАТ за избор на помлад соработник за научната област Биологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 35

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 37

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Математика на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 43

РЕФЕРАТ за избор на соработници во научната област Рударство на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 45

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област Банкарство и финансии на Економскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 49

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. др. Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл.правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ ЗА ОБЛАСТА ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Одлука број 0210-686-114 на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, донесена на седницата одржана на 21.11.2007 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на **соработници за областа информатика**, по распишаниот конкурс во весниците "Нова Македонија" и "Лајм" од 2.11.2007 година. Комисијата е составена од тројца професори:

1. доц. д-р Цвета Мартиновска, претседател
2. вон. проф. д-р Солза Шопова-Грчева, член
3. доц. д-р Владо Гичев, член

По разгледувањето на пријавите и доставената документација, врз основа на член од Законот за високо образование на РМ, Рецензентската комисијата го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на соработници за областа информатика се пријавија седум кандидати: м-р Игор Стојановиќ, Наташа Маскимова, Јасмина Аритоновиќ, Елизабета Џонова, Васко Кокаланов, Владимир Костадинов и Марјан Максимов. Врз основа на пријавите за конкурсот и останатите приложени документи кои ги доставија кандидатите, Рецензентската комисија го констатира следното.

***Биографски податоци, стручна и наставно-научна активност на кандидатите***

**1. м-р Игор Стојановиќ**

Кандидатот Игор Стојановиќ е роден на 1.2.1974 година во Куманово, каде завршил основно и средно образование. На Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје се запишал во 1992 година, а дипломирал во 1997 година, со средна оценка 8,49. Во 2002 година завршил постдипломски студии на насоката Електроника, со магистерски труд со наслов "*Пребарување на JPEG слики и лоцирање на објекти во сликите со мултирезолуциска анализа*". Кандидатот пријавил докторска дисертација под наслов "*Придонес кон пребарување на слики: адаптација на методот на Stone"* на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Завршил повеќе курсеви за бази на податоци, оперативни системи и компјутерски мрежи, како: Oracle 9i, Informix, Tru64 Unix, Networking, Cisco и други.

Од странските јазици го користи англискиот јазик.

Игор Стојановиќ е вработен во Секторот за информатички и комуникациски технологии при Царинската управа на РМ, како помошник-директор. Тој има квалификации и искуство во инсталирање и одржување на компјутерски мрежи и мрежна опрема, Windows и Unix оперативни системи, Oracle 10g/9i и Informix бази на податоци и апликативен софтвер. Учествува во проектот *"Проценка на ризик за царини во државите од Западен Балкан"*, во рамки на FP6 програмата.

Интересот за научноистражувачка работа на кандидатот може да се согледа од објавените трудови на повеќе меѓународни конференции:

1. I. Stojanovic, M. Bogdanov, Location of Objects in a JPEG Image with Progressive Wavelet Correlation using Fourier Methods, 9th Telecommunications Forum, Belgrade, Yugoslavia, 2001, pp. 561-564.
2. I. Stojanovic, D. Taskovski, I. Kraljevski, Normalized Correlation Coefficients for Searching JPEG Images, 7th Information Technologies 2002, Zabljak, Yugoslavia, 2002, pp.104-107.
3. I. Kraljevski, D. Mihajlov, I. Stojanovic, Speaker Independent Recognition of Isolated Words Interface for IVR Telephone Systems, 7th Information Technologies 2002, Zabljak, Yogoslavia, 2002, pp. 197-200.
4. I. Stojanovic, M. Bogdanov, D. Taskovski, Pixel-Based Searching for Object Location in a JPEG Image, 11th Mediterranean Electrotechnical Conference, Cairo, Egypt, 2002
5. I. Stojanovic, M. Bogdanov, Pixel-Based Searching of Images Stored in a Database, IC-EST 2006, Sofia, Bulgaria, 2006, pp.165-168.
6. I. Stojanovic, M. Bogdanov, S. Bogdanova, Searching of Images Stored in a Database using Content and Pixel based Methods, 14th Telecommunications Forum, Belgrade, Yugoslavia, 2006, pp. 468-489.
7. I. Stojanovic, S. Bogdanova, M. Bogdanov, Content-Based Image retrieving Improved by Pixel-Based Search, 14th IWSSIP 2007 and 6th EC-SIPMCS, Maribor, Slovenia, 2007, pp. 395-398.

**2. Наташа Максимова**

Кандидатката Наташа Максимова е родена на 1.7.1977 година во Кочани. Дипломирала на Природно-математички факултет – Скопје во 2000 година и се здобила со звање дипломиран професор по математика. Во 2002 година на истиот факултет ги комплетирала испитите од насоката Информатика и се здобила со звање дипломиран инженер по информатика, со средна оценка од положените испити 8,31. Запишана е на постдипломски студии на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, на насока Теориски основи на информатиката, каде ги положила предвидените испити со оценка 9,67 и работи на магистерскиот труд.

Во текот на додипломските и постдипломските студии изработила повеќе проекти и семинарски работи. По завршувањето на студиите, од 2003 до 2004 година работела како демонстратор на Институтот за информатика при ПМФ. Во моментот е вработена како сениор програмер во Максистем.

Има искуство со работни околини Oracle Designer, Delphi, C++ Builder и Eclipse.

Од странските јазици ги познава англискиот и делумно францускиот.

**3. Елизабета Џонова**

Кандидатката Елизабета Џонова е родена на 19.11.1970 година во Штип. Во 1996 дипломирала на Природно-математички факултет на насоката Применета информатика и се здобила со звање дипломиран инженер по информатика. Кандидатката има средна оценка 7,13 од предметите положени во текот на додипломските студии.

Вработена е како професор по информатика во ОУ “Тошо Арсов” – Штип. Учествувала во повеќе проекти како School Connectivity Project – CRS, Иновативно користење на ИКТ во наставата – Е-школа, УСАИД, ПЕП проект, УСАИД и други.

Од странските јазици го познава англискиот јазик. Член е на Здружението на информатичари на Македонија.

**4. Владимир Костадинов**

Кандидатот Владимир Костадинов е роден на 30.9.1975 година во Охрид. Во 2004 година дипломирал на Природно-математичкиот факултет, студии по Информатика, наставна насока со средна оценка 6,87. Посетувал обука за администрација на мрежи.

Кандидатот е вработен како професор по информатика во ОУ „Гоце Делчев" – Штип. Учествувал во проектот "*Примена на ИКТ во наставата за наставници од основните училишта*".

Член е на Здружението на информатичари на Македонија. Од странските јазици ги познава англискиот и францускиот јазик.

**5. Васко Кокаланов**

Кандидатот Васко Кокаланов е роден на 29.3.1982 година во Скопје. Дипломирал на Градежниот факултет во Скопје во 2006 година, на Конструктивна насока, со среден успех 9,2. Запишан е на постдипломски студии по Компјутерско инженерство на Ruhr-Universität во Бохум, Германија.

Во текот на студиите, работел на проекти во фирмата Zerna, Kooper & Partner во Бохум, Германија, со софтверскиот пакет Sofistic за компјутерско моделирање на конструкции.

Кандидатот има познавање на Microsoft Office програмите, Auto CAD, Java и Visual Basic. Од странските јазици ги познава англискиот и германскиот јазик.

**6. Јасмина Аритоновиќ**

Кандидатката Јасмина Аритоновиќ е родена на 3.7.1978 година во Штип. Завршила Рударско-геолошки факултет, Оддел рударство, насока Површинска експлоатација-проектирање и менаџмент, со средна оценка 8,31 и е запишана на постдипломски студии на истата насока.

Кандидатката има познавање на Microsoft Office програмите, Auto CAD и пасивно го познава англискиот јазик.

**7. Марјан Максимов**

Кандидатот Марјан Максимов е роден на 13.12.1973 година во Кочани. Во 2002 година дипломирал на Рударско-геолошки факултет во Штип, на Одделот за геологија, на насоката Истражување на минерални суровини. Од 2003 година е запишан на постдипломски студии на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија.

Кандидатот има познавање на Microsoft Office програмите и Auto CAD.

Вработен е во Институтот за истражување на јавното мислење Брима-Галуп во Скопје. Од странските јазици ги познава англискиот и германскиот јазик.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата констатира дека кандидатите Елизабета Џонова и Владимир Костадинов не ги исполнуваат одредбите на Законот за високо образование за избор во звање соработници, бидејќи просекот од студиите им е под 8,00. Кандидатите Јасмина Аритоновиќ и Марјан Максимов не ги исполнуваат условите од конкурсот, бидејќи немаат соодветни стручни остварувања и искуство од областа информатика.

Кандидатите Игор Стојановиќ, Наташа Максимова и Васко Кокаланов ги исполнуваат условите од конкурсот. Од прегледот на изнесените биографски податоци за овие кандидати, може да се заклучи дека се работи за кандидати со високи и соодветни квалификации.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да ги избере кандидатите Наташа Максимова и Васко Кокаланов во звањето **помлади асистенти за областа информатика**, а кандидатот Игор Стојановиќ во звањето **асистент за областа информатика**.

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Цвета Мартиновска, с.р.**

**Д-р Солза Шопова-Грчева, с.р.**

**Доц. д-р Владо Гичев, с.р.**